


***ШТЕДИМЕ ВОДА - НИЕ СМЕ ВО МОДА !***

Училиштето „Тоде Хаџи Тефов“ од Кавадарци изминатата учебна година како и оваа работи под знамето на „Еко – училиште“.Во рамкте на Програмата „Немаме резервна планета“ го реализираше Проектот: „Штеди вода-зошто е во мода“. Проектот е поддржан од Здружението на граѓани „Охо“ и Швајцарската агенција за развој.Се реализираше од февруари/2012 година до октомври / 2012 година.Целна група се учениците, останатата училишната заедница како и локалната заедница.Преку низа континуирани активности училиштето се залага за здрава и чиста околина, штедење на ресурсите од природата, едукација и градење на навики за заштеда , здрав живот и сигурна иднина.

Проектот **„Штеди вода – зошто е во мода “** опфати активности за подигнување на еколошката свест и култура за штедење на водата во училиштето, потоа во домовите и пошироко.Се одржаа предавања и истражувачки работилници за значењето и заштеда на водата организирани од учениците, а мотивирани од Еко-одборот во училиштето.Овие активности ги проследивме со создавање печатени матерјали за штедење на водата и опасноста од немање на вода.Го актуелизиравме овој еколошки проблем за да го насочиме вниманието на училишната заедница кон негово разрешување.Создадовме план и стратегија за намалување на потрошувачката на вода во училиштето.Заштеда на вода беше главна цел на Проектот, а подигнување на свеста кај учениците и градење на трајни навики за заштеда на водата како посебни цели.**Ги заменивме постоечките чешми во тоалетите со ударни чешми на мал млаз вода и старите казанчиња со нови - штедливи казанчиња на две нивоа.**Со еко-патроли учениците ги дочекаа овие промени во училиштето и им покажуваа на своите соученици за правилна употреба и заштеда на водата.Пишуваа еко-пораки , изработија стиропори и хамери со содржини за штедење на водата во училиштето, семејствата, природата. Ги промовираа стекнатите искуства меѓу медиумите и локалната заедница.











Со Проектот„Штеди вода-зошто е во мода“ нашето Еко-училиште се здоби и со **финасиска заштеда** - пониски сметки за потрошена вода, како **и едуцирана училишна заедница** која ги применува своите навики за штедење на вода во секојдневниот живот.Како еко-училиште и понатаму ќе продолжиме со заложби за здрава животна средина бидејќи:

***НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА-А ТАА Е НАШИОТ ДОМ !!!***

***Еко-одбор при ООУ „Тоде Хаџи Тефов“***

***Кавадарци***